


# ПАТНИЦИ




И кога големиот болскот се случи, го осветли умот човеков, му даде сила да го совлада безумието, да ја отфрли безнадежноста и да го спаси кутриот од немоќта сопствена. И да ги отвори портите на мудроста за сите луѓе.

Со особена одговорност и претпазливост Редакцијата на *Форум* пристапи кон реализација на овој прилог. Особено затоа што на нашата "редакциска свест" ѝ беше јасно дека македонската почва изнедрила не само 9, туку многу и многу повеќе слободоумни, инвентивни и надарени рожби. Ова е еден од тимовите, составен од играчи различни по стил и светоглед, но слични по својата цел - силата да не го надвладее умот. Затоа, сметаме дека го заслужуваат нашето и јавното внимание.

Влатко Галевски

# од I[ва] класа


RIV
1
2


CAFE
3
4
5


6
7
8
9

1

**Башким Адеми, студент на Штуловиот универзитет**

Едно е извесно - Вселената се шири. Сé друго е релативно. Ова му било јасно на **Ајнштајн,** поради движењата со брзини блиски на оние на светлината. Мене, пак, ми е јасно затоа што живеам во Скопје.
Израснав во едно сигурно опкружување, речиси утопија, а сега живеам во нешто што наликува на Јужна Америка, без да се преселам ни два "инча" од местото каде што се родив.
Но, како што би рекол прекрасниот мудрец **Чедомир**: "Тоа што е тоа, тоа е тоа."
Така, и покрај сé, останувам тука, бидејќи - независно од тоа каде се наоѓаш - животот се состои од тебе и од галаксијата луѓе што те опкружуваат. Квалитетот на оваа констелација луѓе со кои си во контакт, периодичноста, фреквенцијата и процентот на позитивни и негативни ѕвезди, се елементите што го определуваат и квалитетот на твојот живот. Сé друго е помалку важно.

2

**Илија Пејовски, композитор**

Мислам дека не постои незаробен ум. Заробениот ум е можност човекот да ја остварува својата целовитост длабоко во себе, а не во она што го опкружува. Во средувањето на хаосот, најмногу ќе придонесеш доколку го работиш она што најдобро умееш да го работиш.

3

**Сестра Макрина, игуманија во манастирот Св. Архангел Михаил во Берово**

*Човек е - чело свртено кон вечноста (чело-век). Уште во самата назнака, човекот е свртен кон Бога, создаден е така што ќе гледа угоре.*
Заробениот ум во Македонија!? Кога нештата се гледаат на онтолошки план, тоа значи дека тие треба да се видат во нивната суштина. Ако станува збор за ситуацијата со интелектуалниот капацитет во нашата земја, не сум баш сигурна дека постои некое објективно мерило, според кое ќе оцениме кое е нивото... Оти, во Црквата работите се мерат со еден друг аршин, оној на *битието*, кој како таков е апсолутен.
Во заробеноста и слободата гледам аналогија со светлината и мракот
Бога не можеме да Го познаеме ако Тој Самиот не ни се открие. Притоа, не е светлина знаењето, туку светлината е знаење. Оваа светлина влегува во душата на човекот (како личност) преку умот, кога тој ќе Го види (осознае) Бога. Ако, пак, умот е затемнет, обично е така затоа што ова префинето орудие на душата било пленето од нејзините страсти/ несвесниот дел на душата, во кој пред сé спаѓаат чувствата и желбите, во нивниот негативен, непрочистен аспект.

4

**Цветан Враживирски, поет и издавач**

За да биде отворен
умот не треба да биде отровен
Гневот е грев
кон себе и кон другите
Кон оној чиј ум е отворен
присутни се закани да биде затворен
Ако умот го нема во срцето
тогаш не постои ни срце на умот
Кога заумниот ум не води
до мерата и строгоста на формата
се раѓа слободата

5

**Ристо Вртев, музичар**

´98 година, по улиците на Љубљана, наспроти официјалниот политички курс на "дежелата", гледав активисти кои непречено лепат плакати и на случајните минувачи им делат летоци со анти-НАТО содржина. На летоците особено провокативна беше наци-свастиката што на најдиректен начин ја објаснуваше идејата на активностите на НАТО.
За тамошните политички структури ова не беше повод да извршат медиумски линч врз "одредените кругови" кои работат на штета на виталните интереси на државата. И, како што сведочиме, таквите активности ниту за милиметар не ја оддалечија Словенија од евроатлантските интеграции. Напротив. Ова е мал, но речит пример, од мала и нормална држава. Наспроти него стоиме ние, како мали и обратно од нормални.

6

**Стефан Сидовски, професор по филозофија во гим. "Р.Ј.Корчагин" - Скопје**

Умот создава системи коишто треба да им служат на луѓето, а во стварноста луѓето се жртви на системите кои се структурираат како тоталитаризми, а од кои потоа се страда. Ослободувањето од системите - како зло - е можно само доколку човекот стане слободно суштество. Проблемот е, значи, во тоа зошто човекот не станува СЛОБОДНО СУШТЕСТВО?

7

**Ацо Станкоски, сликар и режисер**

Умот е хистеричен мајмун, чијшто интерес е секогаш во спротивност со вистината. Секој зен-учител би ви го предочил ова. Но, за многумина умот е единствениот систем на себеобјаснување. Всушност, тие мислат дека самите тие се нивниот ум. И токму поради овој позитивистички фаталитет, повеќето се врзуваат за умот, на еден фанатичен начин, верувајќи во неговите виртуелизации, дури и во моментите кога тој (умот) е непобитно раскринкан (од совеста, на пример, или од љубовта...) од душевните вредности или од духовните иницијации. Така настанува трагедијата и нејзините деривати (даунови). Всушност, пропаста е голема галерија со огромна збирка артефакти на опсесивниот и аутистичен ум. Но, која е тогаш оправданоста на умот во Универзумот? И кој е неговиот статус во егзистенцијата на умувачкиот протагонист? Умот е една спекулативна Камера обскура, функционалност што битствува во апстрактните зони на претпоставеното. Еден прекрасен симулакрум, комплексна математичка функција што го аналогизира објективниот свет, но никогаш не може целосно и исцрпно да го претстави и изрази. Умот е штит на Егото. Возгордеан интерпретатор на конвенциите, уплашено дете во шумата населена со ѕверови и чудовишта.

8

**Сашо Клековски, извршен директор на МЦМС**

*Нашата светлина, а не нашиот мрак, е тоа што најмногу нé плаши.*
***Нелсон Мендела***

Слободниот ум секогаш се стреми кон тоа да ги прошири главните текови, да го прошири хоризонтот, да ги пробие границите. А кој ги воспоставува границите?
Македонија има мал простор - и во граѓанска и во политичка и во економска смисла. Веројатно капацитетот на овој простор да создава и да издржува слободоумност е ограничен. И онака малиот простор во Македонија е ретрахиран и смален. Прво, од сé уште доминантната патријархална култура, којашто преферира подаништво, наспроти слободоумност. Второ, просторот е собран од мала политичка и економска олигархија. Таа олигархија е најголемиот работодавец и инвеститор. Речиси е невозможно да направите бизнис, да издадете книга или да издавате весник без таа олигархија. Македонскиот граѓански, политички и економски простор се сé уште недоволно демократизирани, авторитарни и монополизирани. Да, тоа се значајни ограничувања.
Сепак, границите се воспоставени од нас самите, од нашите стравови. Слобода или сигурност - тоа е изборот. Без самодоверба и самопочит и без претприемнички дух, ние се плашиме од слободоумноста и се определуваме за извесноста, односно за сигурноста на подаништвото. Вест за годишнината на оваа Влада напиша Шизик без ризик. Да се ослободиме од нашите стравови, да го преземеме ризикот на слободата. Тоа ќе ги ослободува и другите.

9

**Мишко Талески, новинар и уредник во ТВ *Шутел***

Дали може човек денес да биде независен, свој?
Па, може. Но, треба да жртвува дел од своето, дел од можностите што му се укажуваат доколку се случи спротивното. Денес е најлесно да се биде сончоглед, да се вртиш онака како што ќе те вртат, за одредени кусогледи благодети. Таков е доминантниот дел од општеството. Денес е навистина тешко да се изгради и да се зачува достоинството на индивидуата. Тешко е да се живее со свој ум, ум што ќе биде имун на препреките и на бариерите на кои се наидува во секојдневниот живот. Да се биде поинаков од другите значи многу, па макар и да се биде поинаков по некои негативни нешта. Впрочем, никој не е идеален. Но, барем нема да бидеш вброен во стандардната шема од којашто секој сака да избега. Не сум шемаџија, не им припаѓам на новинарските колективитети, не сум член на Здружението на новинарите, не сум партиски и институционален новинар, туку новинар и уредник во ТВ Шутел, каде што течат слободни и нецензурирани идеи. Имам помало парче леб од многумина од оваа фела, но, истовремено, немам контролиран и купен ум, во кој многумина ќе сакаат да продрат. Е, тоа со ништо не се купува!

**Фото: Дарко Мораитов**
**Фото-интервенција: А.Станкоски; А.Јанковиќ**